РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1226/1
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1103/1 од 19.03.2025 година, со наводи за сомневање за незаконито именување на лицето ------ ------------, за државен правобранител во Државното Правобранителство на РСМ-Подрачје -------- од страна на Владата на Р.Северна Македонија на ден 17.11.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во овој предмет, поради настапување на застареност за поведување на постапката за утврдување на одговорност на одговорни лица.

Предметот со број 12-1103/1 од 19.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Владата на РСМ до ДКСК достави пријава, примена на 23.12.2024 година со наводи за сомневање за незаконито именување на лицето ------- ------------, за државен правобранител во Државното Правобранителство на РСМ-Подрачје -------- од страна на Владата на Р.Северна Македонија на ден 17.11.2020 година, по која е оформен предмет со број 12-1103/1 од 19.03.2025 година.
Во пријавата се наведува дека споменатото лице, при неговото именување за државен правобранител во Државното Правобранителство на РСМ-Подрачје ---------- на 17.11 2020 година не ги исполнувал законските услови предвидени во членот 20 од Законот за државното правобранителство во однос на работното искуство на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

правни работи најмалку од пет години по положен правосуден испит. Имено, лицето ------- --------- како доказ за работно искуство, за пријавување во Огласот за именување на државни правобранители во Државното Правобранителство на РСМ, објавен на 12.09.2019 година во Службен Весник на РСМ (188/2019) и во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха, доставило Потврда за работен однос бр.---------- од 19.09.2019 година од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, на работно место ----- ---------- во Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење.

По разгледување на содржината на пријавата и доставената прилог документација, ДКСК го констатира следното:

-Лицето ----- --------- е именуван за државен правобранител во Државното Правобранителство на РСМ-Подрачје ---------од страна на Владата на РСМ на ден 17.11.2020 година, со Решение за именување државен правобранител во Државното Правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на -------- со број ------------ од 17 ноември 2020 година.

Постапката за исполнување на условите за избор на едно лице на одредена функција е во надлежност на Владата на РСМ, како орган кој ја врши селекцијата изборот на кандидатите на оваа функција, а по претходно добиено позитивно мислење од Државниот правобранител.

Имајќи во предвид дека од датумот на преземење на пријавените дејствија, односно од денот на неговото именување за државен правобранител е поминат период од скоро 5 години, тоа укажува дека настапила релативна застареност на постапката и не може да се преземат конкретни дејствија за поведување на соодветни постапки за утврдување на одговорност против одговорни лица кои го овозможиле именувањето на споменатото лице, без исполнување на утврдените услови во закон.

Од тие причини, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ., Член на ДКСК

Доставено до: Подносителот на пријавата